OHRIDSKA BANKA

# Развоен план и деловна политика со финансиски план

# за периодот 2021 - 2025

**Ноември 2020**

## МАКРОЕКОНОМСКО ОПКРУЖУВАЊЕ

Во однос на **економските движења во еврозоната,** по силниот годишен пад на активноста во вториот квартал на 2020 година (од 14,7%), најновите високофреквентни податоци и оцени упатуваат на подобрување на состојбата и забавување на годишниот пад во третото тримесечје. Согласно со ваквите движења, ЕЦБ во септемвриските проекции изврши умерена нагорна ревизија на економскиот раст за 2020 година во однос на јунските проекции, а за 2021 и 2022 година се задржани речиси истите оценки. Така, сега се очекува дека падот на БДП во 2020 година ќе изнесува 8%, додека за 2021 и 2022 година растот ќе достигне 5% и 3,2% соодветно. Во Германија, како наш најзначаен трговски партнер, во третиот квартал се очекува дека ќе дојде до закрепнување на економијата и намалување на годишниот пад согласно и поволните сигнали од автомобилската индустрија. Во однос на инфлацијата во еврозоната, првичната оцена за август покажува годишен пад на цените од 0,2%, наспроти растот од 0,4% во јули, и ваквата промена се должи на силното забавување на базичната инфлација (од 1,2% во јули на 0,4% во август). Според најновите проекции на ЕЦБ, се очекува дека инфлацијата ќе изнесува 0,3%, 1% и 1,3% во 2020, 2021 и 2022 година, со што е извршена нагорна ревизија само на стапката на инфлација за 2021 година (0,8% во јуни).

**Последно расположливите макроекономски показатели упатуваат на годишен пад на бруто домашниот производ на Р. Северна Македонија во првата половина од годината од 6,4%.** Во однос на априлската проекција на Народната банка, ова претставува малку послабо остварување од очекувањата главно како резултат на отстапувањето за првиот квартал, додека остварувањето во вториот квартал беше во целост во согласност со проекцијата на Народната банка. Тековно расположливите високофреквентни податоци за третиот квартал од 2020 година упатуваат на поумерени негативни ефекти од здравствената криза врз економската активност. Ова е видливо преку забавувањето на годишните стапки на пад на индустријата, градежништвото, прометот во угостителството, а делумно и кај трговијата.

Индустриските сектори трговијата, туризам и транспорт забележаа заеднички пад од 12,3%, особено туризмот кој доживеа застој. Падот во секторот на приватното градежништво беше комепнзирано со јавни инвестиции во патишта, додека земјоделството и информативно-комуникациската технологија оствариjа добар раст. Најголем пад се забележува во вториот квартал, потоа падот е забавен.

Приватната потрошувачка имаше контракција од 5,6%, додека намалениот увоз создаде нерамнотежа во трговскиот баланс. Стапката на невработеност за првпат по 9 години се зголеми на 16,7%. Девизните резерви се движат во безбедната зона, приштo промените се одраз на редовни отплати на јавниот сектор кон странство и повремени интервенции од страна на Народната Банка, со што стабилноста на денарот е загарантирана.

Просечната годишна стапка на инфлација сеуште се одржува на релативно ниско и стабилно ниво и за првите 9 месеци од годината изнесува 0.9 %. Ова најмногу се должи на зголемени цени на храната.

Проекциите за следниот период се базираат на влијанието на вториот бран на пандемијата која се случува во третиот квартал. Владата по донесување на четвртиот пакет мерки за домашната економија кој изнесува дополнителни 4,2% од БДП се очекува да донесе позитивен ефект, но јавните финансии треба да претрпат структурални реформи за стабилизирање на макроекономските индикатори на среден рок. Неизвесноста околу траењето на пандемијата влијае на неизвесноста на

очекуваното стабилизирање, но последните резултати од анкетата на економските аналитичари даваат оценка за постепено и умерено закрепнување на домашната економија.

Во доменот на монетарната политика, се донесоа мерки на акомодативна политика како одговор на екстерниот шок врз макроекономските варијабли предизвикани од пандемијата. Имено, од почетоток на пандемијата, Народната Банка двапати ја намали референтната каматна стапка на благајничките записи и тоа за -0,25% во април и дополнителни -0,25% во мај со што до овој момент се одржува на ниво од 1,50%.

## БАНКАРСКИ СЕКТОР

Банкарскиот сектор е структуриран од 14 банки, од кои 13 деловни и една развојна банка, со 76,5% учество на странскиот капитал во вкупниот капитал, притоа проценките за бројот на банки упатуваат на заклучок дека постои простор за окрупнување на банкарскиот сектор заради ефективно зголемување на конкуренцијата како и генерирање на солиден финансиски резултат како основен извор на капитал со што се зголемува отпорноста на банките, а со тоа и на финансискиот систем.

Банкарскиот систем е вискоко капитализиран и ликвиден, со стапка од 17% на ниво на сектор, што е зголемување за 0,7% од почетокот на годината. Показателите укажуваат на структура на заштитни ликвидносни и капитални слоеви кои се над регулаторниот минимум и гарантираат заштита во случај на појава на позначителни шокови да можат да абсорбират евентуална материјализација на  ризиците.

Иако ревидираните проекции за кредитниот и депозитниот раст беа надолни во априлските проекции заради пандемијата, сепак истите се остваруваат над очекувањата согласно податоците заклучно со податоците од септември 2020 година. Задолженоста на приватниот сектор е релативно средна (51,3% од БДП) со простор за понатамошно зголемување.

Неизвесноста во поглед на времетраењето и интензитетот на случувањата поврзани со корона-вирусот, несомнено, и понатаму ќе создава притисок врз одржувањето на профитабилноста на банките во текот на 2020 година.

## СТРАТЕГИЈА НА БАНКАТА

Во ноември 2019 година успешно беше завршен процесот на превземање на Охридска банка, со што Банката стана дел од реномираната  Штајермеркише Банк и Шпаркасен, АД Грац, Аустрија и пошироко Ерсте групација. Предложениот Развоен план и деловна политика со финансиски план за периодот 2021 – 2025 е за Охридска банка ад Скопје согласно барањата на локалната регулатива, додека интегрираните планови и политики ке бидат предмет на одобрување во посебна процедура и материјал.

Штермеркише Банк и Шпаркасе, АД Грац, Австрија беше првата австриска финансиска институција која со превземањето на тогашната Инвестбанка Скопје влезе на Македонскиот банкарски пазар во 2008 година, брендот „Шпаркасе“ беше воведен во октомври 2010 година, се обезбедија потребните ресурси за управување и групациско know-how и банката се изгради во сигурен и доверлив партнер за своите клиенти и економијата.

Согласно стратегијата на групацијата предвидено е интегрирање на двата субјекта при што целта е да се зајакне присуството на локалниот пазар, имајки предвид дека Охридска банка претходно беше дел од силна мегународна финансиска групација со

слична деловна стратегија, стандарди за професионализам и стабилен банкарски модел, високо ориентирана кон клиентот и препознатливост на пазарот и високо ниво на задоволство на клиентите, кои параметри се вклопуваат со стратегијата на Групацијата Штермеркише Банк и Шпаркасе.

Големината на финансиските институции станува есенцијален фактор за успех, особено во услови на сегашните трендови на дигитализација и автоматизација на финансиски услуги. Флексибилноста и способноста за приспособување претставуваат нови карактеристики кои финансиските институции треба да ги поседуваат со цел да бидат способни да се соочат со предизвиците што ги носи дигиталната ера, преку различни форми на партнерства, спојувања и аквизиции.

Интегрираниот ентитет се очекува да има зголемен капацитет за кредитирање и да може да сервисира поголем дел од потребите за кредитирање на водечките компании и со својата стручност и пристап да биде локална подршка за нивниот бизнис и природен партнер на меѓународните и компаниите од ЕУ.

За клиентите физички лица, како и малите и средни претпријатија ќе продолжат да се развиваат модерни и дигитални банкарски производи, како и целосен фокус на квалитетот на услугата за клиентите. За постојните клиенти на Охридска банка ке се овозможат дополнителни бенефити поврзани со географскиот регион каде е присутна Групацијата Штермеркише Банк и Шпаркасе, на пример повлекувања на готовина од банкомати на Групацијата без провизии и сл.

Најголемите придобивки се очекува да бидат резултат на економијата од обем и додадената вредност. Имено, ефектите на синергија се проценуваат како деловни и финансиски, со тоа што деловната синергија е резултат на потенцијалот за намалување на трошоците – директна последица на економија од обем.

Стратешки цели за наредниот период:

- Зголемување на комерцијалните активности (превземање на нови клиенти и задржување на постојните, кредитен и депозитен раст).
- Зголемување на продажбата преку надградување на постојните и воведување на нови продажни канали.
- Позиционирање како референтна банка за сите сегменти на клиенти
- Зголемување на квалитетот како клучна стратешка цел
- Иновација, симплификација, дигитализација, автоматизација.
- Навремено и успешно усогласување со локалната банкарска регулатива - групациските правила и најдобрите банкарски практики.
- Рационализација, зголемена ефикасност, контрола на трошоци и заштеда.

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН

| во илјади еур | P 2019 | % од вкупен | 2020 / 2019 YTD 2019 | | Проценка 2020 | % од вкупен | 2021 / 2020 | | Буџет 2021 | % од вкупен | 2022 / 2021 | | Буџет 2022 | % од вкупен | 2023 / 2022 | | Буџет 2023 | % од вкупен | 2024 / 2023 | | Буџет 2024 | % од вкупен | 2025 / 2024 | | Буџет 2025 | % од вкупен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во 000 ЕУР | во % | | | во 000 ЕУР | во % | | | во 000 ЕУР | во % | | | во 000 ЕУР | во % | | | во 000 ЕУР | во % | | | во 000 ЕУР | во % | | |
| Парични средства и средства во НБРСМ | 131.108 | 19,02 | -23.987 | -18,30 | 107.121 | 15,25 | -33.985 | -31,73 | 73.136 | 10,21 | 1.699 | 2,32 | 74.835 | 9,79 | 1.544 | 2,06 | 76.379 | 9,54 | 371 | 0,49 | 76.750 | 9,11 | 6.915 | 9,01 | 83.665 | 9,37 |
| Побарувања од финансиски институции | 27.339 | 3,97 | -13.513 | -49,43 | 13.826 | 1,97 | -7.081 | -51,21 | 6.745 | 0,94 | 1.525 | 22,61 | 8.270 | 1,08 | -3.582 | -43,31 | 4.688 | 0,59 | 3.238 | 69,07 | 7.926 | 0,94 | 4.010 | 50,59 | 11.936 | 1,34 |
| Кредити на клиенти | 502.144 | 72,83 | 40.733 | 8,11 | 542.877 | 77,29 | 40.584 | 7,48 | 583.461 | 81,47 | 48.428 | 8,30 | 631.889 | 82,63 | 41.087 | 6,50 | 672.976 | 84,07 | 41.996 | 6,24 | 714.972 | 84,87 | 44.350 | 6,20 | 759.322 | 84,99 |
| *Правни лица редовни кредити* | 244.844 | 35,51 | 22.832 | 9,32 | 267.676 | 38,11 | 10.446 | 3,90 | 278.122 | 38,83 | 17.809 | 6,40 | 295.931 | 38,70 | 11.977 | 4,05 | 307.908 | 38,47 | 11.114 | 3,61 | 319.022 | 37,87 | 10.810 | 3,39 | 329.832 | |
| *Правни лица нефункционални кредити* | 24.619 | 3,57 | -7.318 | -29,72 | 17.301 | 2,46 | 7.646 | 44,19 | 24.947 | 3,48 | 1.206 | 4,83 | 26.153 | 3,42 | 680 | 2,60 | 26.833 | 3,35 | 239 | 0,89 | 27.072 | 3,21 | 458 | 1,69 | 27.530 | 3,08 |
| *Население редовни кредити* | 226.733 | 32,89 | 25.773 | 11,37 | 252.506 | 35,95 | 22.034 | 8,73 | 274.540 | 38,33 | 29.130 | 10,61 | 303.670 | 39,71 | 28.271 | 9,31 | 331.941 | 41,47 | 30.587 | 9,21 | 362.528 | 43,04 | 32.975 | 9,10 | 395.503 | 44,27 |
| *Население нефункционални кредити* | 5.948 | 0,86 | -554 | -9,31 | 5.394 | 0,77 | 458 | 8,48 | 5.852 | 0,82 | 283 | 4,84 | 6.135 | 0,80 | 159 | 2,59 | 6.294 | 0,79 | 56 | 0,89 | 6.350 | 0,75 | 108 | 1,70 | 6.458 | 0,72 |
| - Инсправка на вредност на кредити | -33.644 | -4,88 | -516 | -1,53 | -34.160 | -4,86 | -6.866 | -20,10 | -41.026 | -5,73 | -3.845 | -9,37 | -44.871 | -5,87 | -4.051 | -9,03 | -48.922 | -6,11 | -3.844 | -7,86 | -52.766 | -6,26 | -4.053 | -7,68 | -56.819 | -6,36 |
| деривативни финансиски инструменти | | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 |
| Средства за тргување | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 | 0 | - | | 0,00 |
| Финансиски вложувања | 45.258 | 6,56 | 9.681 | 21,39 | 54.939 | 7,82 | 22.735 | 41,38 | 77.674 | 10,85 | 0 | 0,00 | 77.674 | 10,16 | 0 | 0,00 | 77.674 | 9,70 | 0 | 0,00 | 77.674 | 9,22 | 0 | 0,00 | 77.674 | 8,69 |
| Нематеријални средства | 1.372 | 0,20 | 86 | 6,29 | 1.459 | 0,21 | -156 | -10,67 | 1.303 | 0,18 | 172 | 13,20 | 1.475 | 0,19 | -110 | -7,46 | 1.365 | 0,17 | -217 | -15,90 | 1.148 | 0,14 | -253 | -22,04 | 895 | 0,10 |
| Недвижности и опрема | 12.299 | 1,78 | 18 | 0,15 | 12.317 | 1,75 | -1.477 | -11,99 | 10.840 | 1,51 | 497 | 4,58 | 11.337 | 1,48 | 645 | 5,69 | 11.982 | 1,50 | 141 | 1,18 | 12.123 | 1,44 | -36 | -0,30 | 12.087 | 1,35 |
| Останата актива | 3.578 | 0,52 | 474 | 13,25 | 4.052 | 0,58 | 9 | 0,22 | 4.061 | 0,57 | 79 | 1,95 | 4.140 | 0,54 | 197 | 4,76 | 4.337 | 0,54 | 233 | 5,37 | 4.570 | 0,54 | 43 | 0,94 | 4.613 | 0,52 |
| ВКУПНА АКТИВА | 689.454 | 100,00 | 12.978 | 1,88 | 702.432 | 100,00 | 13.762 | 1,96 | 716.194 | 100,00 | 48.555 | 6,78 | 764.749 | 100,00 | 35.730 | 4,67 | 800.479 | 100,00 | 41.918 | 5,24 | 842.397 | 100,00 | 50.976 | 6,05 | 893.373 | 100,00 |
| Депозити од финансиски институции | 85.227 | 12,36 | 26.117 | 30,64 | 111.344 | 15,85 | -34.796 | -31,25 | 76.548 | 10,69 | 7.834 | 10,23 | 84.382 | 11,03 | -7.417 | -8,79 | 76.965 | 9,61 | -3.778 | -4,91 | 73.187 | 8,69 | -15.192 | -20,76 | 57.995 | 6,49 |
| Депозити од клиенти | 487.480 | 70,71 | -15.185 | -3,11 | 472.295 | 67,24 | 43.220 | 9,15 | 515.515 | 71,98 | 34.767 | 6,74 | 550.282 | 71,96 | 36.580 | 6,65 | 586.862 | 73,31 | 37.943 | 6,47 | 624.805 | 74,17 | 57.067 | 9,13 | 681.872 | 76,33 |
| *Правни лица* | 228.341 | 33,12 | -20.358 | -8,92 | 207.983 | 29,61 | 41.740 | 20,07 | 249.723 | 34,87 | 15.007 | 6,01 | 264.730 | 34,62 | 16.472 | 6,22 | 281.202 | 35,13 | 18.552 | 6,60 | 299.754 | 35,58 | 32.908 | 10,98 | 332.662 | 37,24 |
| *Останати финансски институции* | 38.709 | 5,61 | 2.620 | 6,77 | 41.329 | 5,88 | -25.128 | -60,80 | 16.201 | 2,26 | 782 | 4,83 | 16.983 | 2,22 | 1.041 | 6,13 | 18.024 | 2,25 | 1.102 | 6,11 | 19.126 | 2,27 | 2.316 | 12,11 | 21.442 | 2,40 |
| *Население* | 220.430 | 31,97 | 2.553 | 1,16 | 222.983 | 31,74 | 26.608 | 11,93 | 249.591 | 34,85 | 18.978 | 7,60 | 268.569 | 35,12 | 19.067 | 7,10 | 287.636 | 35,93 | 18.289 | 6,36 | 305.925 | 36,32 | 21.843 | 7,14 | 327.768 | 36,69 |
| Издадени должнички инструменти | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 |
| Деривативни финансиски инструменти | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 |
| Обврски за тргување | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 |
| Резервирања | 2.525 | 0,37 | -94 | -3,72 | 2.431 | 0,35 | 106 | 4,36 | 2.537 | 0,35 | -44 | -1,73 | 2.493 | 0,33 | -67 | -2,69 | 2.426 | 0,30 | -49 | -2,02 | 2.377 | 0,28 | 0 | 0,00 | 2.377 | 0,27 |
| Обврски за даноци | 0 | 0,00 | 0 | - | 0 | 0,00 | 170 | - | 170 | 0,02 | 59 | 34,71 | 229 | 0,03 | 66 | 28,82 | 295 | 0,04 | 75 | 25,42 | 370 | 0,04 | 48 | 12,97 | 418 | 0,05 |
| Останата пасива | 11.543 | 1,67 | -7.969 | -69,04 | 3.574 | 0,51 | 1.208 | 33,80 | 4.782 | 0,67 | 150 | 3,14 | 4.932 | 0,64 | 143 | 2,90 | 5.075 | 0,63 | 148 | 2,92 | 5.223 | 0,62 | 99 | 1,90 | 5.322 | 0,60 |
| Субординирани кредити | 29.000 | 4,21 | 0 | 0,00 | 29.000 | 4,13 | 0 | 0,00 | 29.000 | 4,05 | 0 | 0,00 | 29.000 | 3,79 | 0 | 0,00 | 29.000 | 3,62 | 0 | 0,00 | 29.000 | 3,44 | 0 | 0,00 | 29.000 | 3,25 |
| АКционерски капитал | 73.681 | 10,69 | 10.107 | 13,72 | 83.788 | 11,93 | 3.854 | 4,60 | 87.642 | 12,24 | 5.789 | 6,61 | 93.431 | 12,22 | 6.425 | 6,88 | 99.856 | 12,47 | 7.579 | 7,59 | 107.435 | 12,75 | 8.954 | 8,33 | 116.389 | 13,03 |
| ВКУПНО ОБВРСКИ И КАПИТАЛ | 689.456 | 100,00 | 12.976 | 1,88 | 702.432 | 100,00 | 13.762 | 1,96 | 716.194 | 100,00 | 48.555 | 6,78 | 764.749 | 100,00 | 35.730 | 4,67 | 800.479 | 100,00 | 41.918 | 5,24 | 842.397 | 100,00 | 50.976 | 6,05 | 893.373 | 100,00 |
| кредити / Депозити | 96,1% | | | | 107,7% | | | | 105,2% | | | | 106,7% | | | | 106,3% | | | | 106,0% | | | | 103,0% | |

| во 000 ЕУР | | Р 2019 | 2020 / 2019 | | Проценка 2020 | 2021 / 2020 | | Буџет 2021 | 2022 / 2021 | | Буџет 2022 | 2023 / 2022 | | Буџет 2023 | 2024 / 2023 | | Буџет 2024 | 2025 / 2024 | | Буџет 2025 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | во 000 евр | во % | | во 000 евр | во % | | во 000 евр | во % | | во 000 евр | во % | | во 000 евр | во % | | во 000 евр | во % | |
| **Нето приходи од камати** | | **18.037** | **-1.638** | **-9,08** | **16.399** | **2.245** | **13,69** | **18.644** | **916** | **4,91** | **19.560** | **804** | **4,11** | **20.364** | **901** | **4,42** | **21.265** | **1.298** | **6,10** | **22.563** |
| **Нето приходи од провизии** | | **4.949** | **-1.016** | **-20,53** | **3.933** | **1.225** | **31,14** | **5.158** | **509** | **9,88** | **5.667** | **518** | **9,14** | **6.185** | **601** | **9,72** | **6.786** | **508** | **7,49** | **7.295** |
| **Нето курсни разлики** | | **2.462** | **-481** | **-19,54** | **1.981** | **157** | **7,90** | **2.138** | **135** | **6,29** | **2.272** | **162** | **7,12** | **2.434** | **217** | **8,92** | **2.651** | **215** | **8,13** | **2.866** |
| **Приходи од дивиденди** | | **0** | **0** | **-** | **0** | **47** | **-** | **47** | **7** | **14,06** | **54** | **0** | **0,00** | **54** | **0** | **0,00** | **54** | **0** | **0,00** | **54** |
| **Исправка на вредност на финансиските средст** | | **-10.816** | **501** | **4,63** | **-10.315** | **2.774** | **26,89** | **-7.541** | **1.120** | **14,85** | **-6.422** | **-194** | **-3,02** | **-6.615** | **-191** | **-2,88** | **-6.806** | **-140** | **-2,06** | **-6.946** |
| **Општи и административни трошоци** | | **-11.981** | **185** | **1,54** | **-11.796** | **-1.761** | **-14,93** | **-13.557** | **-529** | **-3,90** | **-14.086** | **-469** | **-3,33** | **-14.555** | **-207** | **-1,42** | **-14.762** | **-339** | **-2,30** | **-15.101** |
| Трошоци за вработени | | -5.878 | 530 | 9,02 | -5.348 | -783 | -14,64 | -6.131 | -150 | -2,45 | -6.281 | -170 | -2,71 | -6.451 | -175 | -2,71 | -6.626 | -181 | -2,73 | -6.807 |
| Останати оперативни трошоци | | -4.655 | -312 | -6,70 | -4.967 | -417 | -8,40 | -5.384 | -210 | -3,90 | -5.594 | -190 | -3,39 | -5.783 | -54 | -0,94 | -5.838 | -156 | -2,67 | -5.994 |
| Амортизација | | -1.448 | -33 | -2,28 | -1.481 | -562 | -37,92 | -2.043 | -169 | -8,25 | -2.211 | -109 | -4,94 | -2.320 | 23 | 0,98 | -2.298 | -3 | -0,12 | -2.300 |
| **Останати оперативни приходи - нет** | | 1.631 | -1.710 | -104,84 | -79 | -119 | -150,56 | -198 | 295 | 149,09 | 97 | 7 | 7,22 | 104 | 46 | 44,56 | 151 | 7 | 4,89 | 158 |
| **Добивка пред оданочување** | **0** | **4.282** | **-4.159** | **-97,13** | **123** | **4.567** | **>999,9** | **4.690** | **2.453** | **52,30** | **7.143** | **828** | **11,59** | **7.971** | **1.368** | **17,16** | **9.339** | **1.549** | **16,59** | **10.888** |